

ИЗВЕШТАЈ

ОД МОНИТОРИНГ ПОСЕТА

Јавна установа Детски дом „11 Октомври“ – Скопје

ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И УСЛУГИ ЗА ДЕЦАТА И РАНЛИВИТЕ ЛИЦА ВО РИЗИК ВО ЗАТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ

ИЗВЕШТАЈ ОД МОНИТОРИНГ ПОСЕТА НА ЈАВНА УСТАНОВА ДЕТСКИ ДОМ „11 ОКТОМВРИ“ – СКОПЈЕ

Издавач:
Хелсиншки комитет за човекови права

Авторки:
Тона Карева Талеска и Александра Трајановска

Лектор:
Виолета Танчева-Златева

Графички дизајн:
Хамид Ариф

Број на страници: 14

Тираж: 15

Скопје, 2026

This publication was funded by the European Union. Its contents are the sole responsibility of the Helsinki Committee for Human Rights Skopje and do not necessarily reflect the views of the European Union.

Funded by the European Union

EU with YOU

HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

СОДРЖИНА

01 Вовед 01

02 наоди од мониторинг посетата 03

Општи информации 03

Исхрана 03

Менторска поддршка и подготовка за самостоен живот 04

Образование и слободно време 04

Контакти и користење мобилни телефони 05

Здравствена и психолошка заштита 05

Облека и сезонски активности 06

Кадровски капацитети 06

03 Наоди од посетата на станбените единици 07

Станбена единица Карпош 07

Станбена единица Капиштец 08

Станбена единица Козле 10

04 Препораки 12

Вовед

Овој извештај беше изработен во рамки на проектот „Зајакнување на човековите права и услуги за децата и ранливите лица во ризик во затворени институции“. Главна цел на проектот е да придонесе кон подобрување на услугите за целните групи преку пристап заснован врз човекови права. Специфичните цели се насочени кон подобрување на условите и кон заштита на човековите права, зајакнување на капацитетите на персоналот и поттикнување соработка меѓу локалните активисти, институциите и заедницата.

Во рамки на активностите за мониторинг и посета беше извршена посета на Јавната установа за згрижување деца без родители и без родителска грижа „11 Октомври“ – Скопје, со посебен фокус на станбените единици Карпош, Капиштец и Козле. Посетите беа остварени на 26.02.2026 и на 27.02.2026 година.

Мониторингот беше спроведен од тим составен од претставници на Хелсиншкиот комитет за човекови права, кои остварија непосреден увид во условите за живот на децата, организацијата на секојдневното функционирање на станбените единици, односот меѓу децата и вработените, како и пристапот до образование, здравствена заштита, психолошка поддршка и воннаставни активности.

За време на посетата беа остварени разговори со децата сместени во станбените единици, со воспитувачите, негувателите и останатиот стручен кадар, со цел да се добие реална и сеопфатна слика за функционирањето на системот на згрижување и за секојдневните предизвици со кои се соочуваат и децата и вработените.

Посетата беше спроведена врз основа на претходно изготвена методологија, а целта на мониторингот беше да се утврди степенот на обезбедување соодветни услови за живот, заштита и развој на децата, како и да се идентификуваат системските слабости и потребите за унапредување на квалитетот на грижата. Особено внимание беше посветено на материјалните услови, исхраната, здравствената и психолошката поддршка, почитувањето на приватноста, подготовката за самостоен живот, како и вклученоста на децата во активности што придонесуваат за нивна социјализација и личен развој.

Врз основа на утврдените наоди, изработени се препораки насочени кон подобрување на условите во станбените единици, зајакнување на стручниот кадар и обезбедување поквалитетна и поодржлива поддршка за децата без родителска грижа.

Наоди од мониторинг посетата

ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Децата добиваат месечен џепарлак, чија висина зависи од возраста. До 5 одделение децата добиваат по 600 денари, од 5 до 9 одделение добиваат по 1.000 денари, а над 9 одделение добиваат по 2.000 денари. Поголемите деца истакнаа дека висината на паричните средства е многу мала, додека помалите деца посочија дека средствата им се доволни.

Во секоја станбена единица постои куќен ред кој децата се должни да го почитуваат. За одржување на хигиената доаѓа хигиеничарка, но и самите деца активно учествуваат во одржувањето на просторот. Секој ден едно дете е дежурно и има обврска да помогне во домашните активности, како раскревање на масата, миење садови, метење и слично.

Исхрана

Во секоја станбена единица има готвачка која доаѓа секој работен ден во прва смена, како и една сабота и една недела во месецот. Готвачите подготвуваат храна според утврдено мени, а установата ја набавува храната преку јавна набавка и ја распределува во станбените единици. Менито се изготвува во согласност со важечките нормативи и стандарди за исхрана во установи, при што се води сметка за нутритивниот баланс, за разновидноста на оброците и за сезонската достапност на намирниците. Дел од децата се пожалија дека храната е еднолична. Како позитивно искуство го посочија примерот кога добиле ваучери за пазарење во маркет, што им овозможило самите да изберат продукти.

Менторска поддршка и подготовка за самостоен живот

Секое дете има свој ментор, односно вработен во станбената единица кој го следи неговиот развој и напредок. По навршување на 18 години и завршување на средното образование, децата добиваат еднократна финансиска поддршка од државата во износ од 3.000 евра. Има еден позитивен пример од Општина Гевгелија, каде што на едно дете по навршување на 18 години му бил обезбеден стан за живеење по излегување од станбената единица.

Образование и слободно време

Децата кои покажуваат интерес имаат можност да посетуваат дополнителни активности, како што се курсеви, спортски активности, активности во Црвен крст, како и различни работилници кои ги организира установата во соработка со невладини организации или индивидуално.

Вработените посетуваат едукации, а децата имаат можност да учествуваат во различни работилници и активности, како и да се дружат со децата од другите станбени единици.

Контакти и користење мобилни телефони

Децата имаат сопствени мобилни телефони, дел од кои се добиени преку донации, што ги користат во договор со вработените. Телефоните ги оставаат кај вработените во 22:00 часот и ги земаат повторно наутро. Помалите деца немаат сим-картички во телефоните и ги користат претежно за играње игри.

Децата кои имаат роднини со кои одржуваат контакт, имаат можност да се гледаат со нив.

Здравствена и психолошка заштита

Во однос на здравствената заштита, децата имаат матичен лекар и се ослободени од плаќање партиципација. Сепак, некои од децата посочија дека за одредени прегледи им се случило сами да плаќаат партиципација од нивниот џепарлак. При посета на доктор, тие се придружувани од медицинска сестра.

Психолошка поддршка е обезбедена преку здружение на граѓани, но децата истакнаа дека средбите со психолог се одржуваат нередовно и изразија желба да бидат почести. Медицинската документација и лековите се чуваат во канцеларијата на вработените и се заклучени.

За децата со зголемена емоционална чувствителност се преземаат континуирани мерки за поддршка, вклучувајќи индивидуална работа со стручни лица, редовна психолошка поддршка и ангажман на надворешни експерти. Станува збор за деца кои често имаат преживеано загуби и трауматски искуства, поради што пристапот е индивидуален, континуиран и долгорочен.

Облека и сезонски активности

Установата организира летувања и зимувања за децата. Во однос на облеката, децата посочија дека располагаат со доволно облека, а дополнително добиваат и донации од различни донатори.

Кадровски капацитети

Вработените работат во три смени – прва, втора и трета смена, по што имаат два слободни дена, но по потреба се достапни 24 часа, 7 дена во неделата. Тие посочија дека се соочуваат со недостиг на кадар, особено на стручен кадар со високо образование. Недостатокот на стручен кадар со високо образование е предизвик што трае подолг временски период и произлегува од постојните системски услови. Установата континуирано работи на подобрување на кадровската структура во рамки на расположливите можности. Само вработените со високо образование можат да ја вршат улогата на ментори, додека останатите се ангажирани како негуватели.

Според нив, целта е колку што е можно повеќе да ја надоместат празнината и да создадат услови децата да се чувствуваат среќни и прифатени.

Наоди од посетата на станбените единици

СТАНБЕНА ЕДИНИЦА КАРПОШ

Во станбената единица се сместени 5 деца, од кои 4 девојчиња и 1 машко дете. Четирите девојчиња се сместени во една соба, која е мала за сите четири, додека машкото дете е сместено во посебна соба. Од девојчињата, две се прва година средно образование, а две се четврта година средно образование, додека машкото дете е ученик во 5 одделение.

Во станбената единица се сместени и две сестри. Две од девојчињата имаат навршено 18 години и се во завршна година од средното образование, по што се подготвуваат за напуштање на установата.

Машкото дете е значително помало од девојчињата и посочува дека би сакало да има машко другарче со кое би можело да се дружи.

Материјалните услови во станбената единица се задоволителни, а хигиената беше на добро ниво. Атмосферата во станбената единица беше позитивна, како и односот меѓу децата. Децата посочија дека слободното време најчесто го поминуваат заедно, играјќи различни игри, гледајќи телевизија и слично.

Во однос на вклученоста во активности, едно од девојчињата има завршено курс за средување нокти, друго девојче е активно вклучено во активности на Црвен крст, додека момчето посетува активности по шах и фудбал. Едно од децата е вклучено и во училишни натпревари, а досега освоиле неколкупати прво и второ место по математика и по натпревар во шах.

Децата кажуваат дека се случува меѓу себе да се скараат, но велат дека се сакаат.

Некој од децата (поголемите) пушат цигари и електронски цигари, а многу ретко се случува да се напијат алкохол кога излегуваат во град (шприцер, но и жесток алкохол како коњак или сечена вотка).

Едно девојче со душевна заостанатост редовно посетува логопед и психијатар, во еден наврат била и хоспитализирана на Психијатриската клиника, на Одделот за детска и младинска психијатрија. По трауматски настан пред околу една година таа манифестирала и нарушување од трауматски карактер. За истото девојче забележале дека се среќава со некои непознати лица по училиште и сега не оди во школо со физичко присуство, а наставата ја следи по електронски пат.

СТАНБЕНА ЕДИНИЦА КАПИШТЕЦ

Во станбената единица се сместени 5 деца, од кои 3 девојчиња и 2 машки деца (браќа). Од трите девојчиња, две се сестри. Возраста на децата не е соодветно распределена, при што најмалото девојче има 11 години и нема врсник со кој би можело да се дружи, иако изразува желба за тоа.

Атмосферата во станбената единица беше негативна, а децата посочија дека ретко поминуваат време заедно и немаат меѓусебна дружба. Односот со дел од вработените беше опишан како ригиден, при што децата истакнаа дека наставниците често им се обраќаат со повишен тон и не им посветуваат доволно внимание, се случувало двајца вработени да си седат заедно и да не ги гледаат децата.

Исто така, децата посочија дека некои од вработените пушат во просториите на станбената единица. Во дневниот престој се чувствуваше непријатна миризба од пушење во затворен простор. Дополнително, тие наведоа дека наставниците понекогаш јадат од храната наменета за нив, а храната генерално ја оценија како монотона и недоволна. Некои од децата јадат сува храна или сами си купуваат бурек и друга храна. Од овошје кажуваат дека најчесто има само јаболко.

Некои од децата, исто така, пушат цигари, но не во просториите.

За едно од децата соопштуваат дека лесно се вознемирува, удира во ѕид, пцуе и зборува безобразни работи, кажува дека ќе си ги сече вените, ги задева некои од другите деца, се случило и физички да удри друго дете и да го повреди, а кажуваат и дека не ја пие терапијата која му е ординирана од психијатар. Кога децата се караат или тепаат некои од вработените ја нормализирале таа ситуација и им велеле дека се тепаат затоа што се сакаат. Истото дете е казнето и сега не може да излегува само во град. Се случувало машките да влегуваат во собата на женските без да тропнат на врата.

Во единицата се снабдени со некои таблети, како што се парацетамол и витамини, кои вработените ги употребуваат и за себе.

Од хигиенски средства недостигаат влошки, кои девојчињата сами си ги купуваат.

Материјалните услови во станбената единица се лоши. Децата посочија присуство на мувла и влага, се пожалија дека просториите се тесни, без доволно простор, без доволно работни бироа и место каде да ги стават книгите, ниту, пак, има услови за учење, како и дека креветите се стари. Греењето не е доволно, двете клими во собата за дневен престој не работат и се греат на панели, кои не го загреваат доволно просторот. Децата нагласија дека во просториите било студено и дека дува од прозорците.

Дополнително, децата изразија незадоволство од објавување фотографии на социјалните мрежи од страна на установата, бидејќи сите деца не се согласуваат со тоа, дури и кога нивните лица се заматени. Исто така, посочија дека не сакаат на училиште да бидат претставувани како деца од установата „11 Октомври“, бидејќи некои од врсниците ги гледаат со сожалување, а и велат дека се чувствуваат несигурни затоа што некој може тоа да го искористи и да ги злоупотреби.

Во однос на користењето мобилни телефони, најмалото девојче посочи дека нема и дека не ѝ е дозволено да користи телефон.

Во слободното време дел од децата се вклучени во различни активности. Едно од децата тренира фудбал, едно дете посетува фитнес-клуб, додека едно од постарите деца работи и паралелно го продолжува образованието како вонреден ученик.

СТАНБЕНА ЕДИНИЦА КОЗЛЕ

Во станбената единица се сместени 5 деца: едно девојче на 14 години, едно машко дете на 8 години, кое посетува 3 одделение, едно машко дете на 13 години, едно девојче на 13 години и едно девојче на 18 години. Девојчето на 18 години моментално е трета година средно образование, а има намера да се запише во четврта година за да може да остане во установата уште една година. Три од децата се браќа и сестри.

Децата се задоволни од сместувањето во станбената единица. Греењето е со парно, има клима за топлите денови, а особено им се допаѓа локацијата – пред зградата има парк, основното училиште е блиску, а им се допаѓа и тоа што „Сити мол“ е биску можат да прошетаат дотаму.

Во однос на вклученоста во активности, едно од децата претходно тренирало фудбал, но се откажало затоа што немало можност некој редовно да го носи на тренинзите. Според наводите, тренерот не бил подготвен да ја преземе таа обврска, а вработените во установата немаат доволно капацитет за тоа. Друго дете активно тренира фудбал двапати неделно.

Тие посочија дека донациите имаат значајна улога, а децата особено се радуваат кога имаат можност самите да си купуваат работи. Исто така, децата изразиле желба почесто самостојно да пазаруваат во маркет, зашто храната понекогаш ја сметаат за еднолична.

Атмосферата во станбената единица беше позитивна. Децата изгледаа блиски меѓу себе и во добри односи. Хигиената беше на задоволително ниво. Во станбената единица има две спални соби, а просторот е релативно тесен. Дел од децата спијат на душеци поставени на подот, што е нивен сопствен избор.

Препораки

Врз основа на извршените разговори, непосредниот увид и утврдената фактичка состојба, се даваат следните препораки:

МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА И ЏЕПАРЛАК

- *Да се разгледа можноста за зголемување на месечниот џепарлак за постарите деца, имајќи предвид дека дел од нив посочуваат дека тековниот износ не ги покрива нивните основни и социјални потреби.*

ИСХРАНА И САМОСТОЈНОСТ НА ДЕЦАТА

- *Да се преземат мерки за обезбедување поголема разновидност во исхраната на децата, во согласност со нутритивни стандарди и потреби.*
- *Да се разгледа можноста повремено да им се овозможи самостојно пазарење на прехранбени продукти, со цел поттикнување на нивната автономија, одговорност и задоволство.*

ПСИХОЛОШКА ПОДДРШКА

- *Да се обезбеди редовна, континуирана и структурирана психолошка поддршка за децата, имајќи предвид дека моментално таа се спроведува нередовно и преку надворешни организации.*
- *Да се воспостави јасен распоред на средби со психолог и следење на психолошката состојба на децата.*

ПУШЕЊЕ ВО ЗАТВОРЕНИ ПРОСТОРИИ

- *Да се обезбеди доследно почитување и спроведување на забраната за пушење во затворени простории во сите станбени единици, заради заштита на здравјето на децата.*

РАСПРЕДЕЛБА ПО ВОЗРАСТ И СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА

- *Да се разгледа можноста за посоодветна распределба на децата по возраст во станбените единици, со цел овозможување врсничка интеракција, подобра социјализација и намалување на изолацијата кај помалите деца.*

КАДРОВСКО ЗАЈАКНУВАЊЕ

- *Да се преземат мерки за зајакнување на кадровските капацитети на установата, преку ангажирање на дополнителен стручен кадар, особено на лица со високо образование, кои можат да ја вршат улогата на ментори.*
- *Да се подобрат континуитетот и достапноста на стручните профили (психолог, дефектолог, социјален работник).*

ВОННАСТАВНИ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ

- *Да се овозможи зголемена поддршка за учество на децата во спортски, културни и други воннаставни активности.*
- *Да се обезбеди логистичка поддршка (превоз, координација со клубови и тренери) со цел континуирано вклучување на децата во спортски и други вошколски активности.*

ПРИВАТНОСТ И ДИГИТАЛНА ЗАШТИТА

- *Да се почитува правото на приватност на децата, особено при објавување фотографии на социјалните мрежи.*
- *Да се обезбеди јасна и информирана согласност од децата пред какво било објавување, како и воспоставување интерни правила за дигитална заштита.*

СОЦИЈАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА И АКТИВНОСТИ

- *Да се продолжи со организирање на едукативни активности, работилници и заеднички дружења меѓу децата од различни станбени единици, со цел јакнење на социјалната интеграција, на комуникациските вештини и личниот развој.*

УНАПРЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНАТА ПОДДРШКА

- *Да се зајакне соработката со образовните институции со цел обезбедување индивидуализирана образовна поддршка, особено за децата со тешкотии во учењето или со емоционални тешкотии.*